1.	**Наслов на наставниот предмет**	**Предметна програма од прв циклус на студии Економија на социјалната држава**			
2.	**Код**	**ECN 230**			
3.	Студиска програма	Економија			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно - институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св Кирил и Методиј“ во Скопје Економски факултет - Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Прв			
6.	Академска година /семестар	Втора година/четврти (зимски) семестар	7.	Број на ЕКТС-кредити	7,5
8.	Наставник	Проф. д-р Билјана Ташевска			
9.	Предуслови за запишување на предметот	/			
10.	**Цели на предметната програма (компетенции):** Основна цел на предметот е студентите да се запознаат со концептот на социјалната држава и нејзината улога во обезбедување и унапредување на благосостојбата на граѓаните. Предметот обезбедува економска перспектива на неуспехот на пазарот и потребата, дизајнот и ефектите на државните програми на благосостојба (врз доходот, благосостојбата и однесувањето на поединците, како и врз јавните финансии). По завршувањето на наставата и положувањето на овој предмет, студентите треба да се способни да: • ги дефинираат и објаснат благосостојбата и социјалната држава; • ги анализираат и дискутираат основните принципи на мерење на нееднаквоста, сиромаштијата и социјалната исклученост; • користат економски аргументи за државна интервенција во различни сегменти на социјалната држава; • ги разберат основните опции за финансирање на политиките на благосостојба; • ги разликуваат различните модели/режими на социјална држава; • ги разберат ефектите од програмите на благосостојба врз индивидуалното однесување и благосостојба и општествените последици; • ги разберат проблемите и предизвиците со кои се соочуваат модерните социјални држави (стареењето на населението, миграциите, глобализацијата, прашањето на одржливоста) и да дискутираат начини за нивно решавање; • го применат нивното знаење за анализа на реални проблеми и програми на социјалната држава во нашата држава и пошироко; • го разберат концептот на социјално претприемништво и да го применат нивното знаење за креативни решенија на реални проблеми.				
11.	**Содржина на предметната програма:** • Дефинирање на социјалната држава (држава на благосостојба), нејзината цел и функција; • Аргументи за државна интереvенција (ефикасност наспроти праведност и еднаквост; социјална правда); • Проблеми на дефинирање и мерење на благосостојбата, сиромаштијата, нееднаквоста и социјалната исклученост; • Финансирање на социјалната држава;				

<table>
<tr><td></td><td colspan="6">• Државни политики на благосостојба (социјално осигурување, нееднаквост на доходот, сиромаштија, невработеност, пензии);
• Развојот и улогата на социјално претприемништво;
• Големина и опфат на модерните социјални држави;
• Модели/Режими на социјалната држава;
• Политики и мерки на благосостојба во Република Македонија;
• Трендови и предизвици за модерните социјални држави, кои произлегуваат од глобализацијата, демографските промени, дигитализацијата, прашањето на одржливоста.</td></tr>
<tr><td>12.</td><td colspan="6">Методи на учење:
Предавања со презентации, видео материјали, интерактивни предавања, тимска работа, гостин на предавања, студии на случај, изработка и презентација на проектна задача.</td></tr>
<tr><td>13.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="5">7.5 ЕКТС x 30 часови = 225 часови</td></tr>
<tr><td>14.</td><td>Распределба на расположивото време</td><td colspan="5">60+30+30+15+90 =225 часови</td></tr>
<tr><td rowspan="2">15.</td><td rowspan="2">Форми на наставните активности</td><td>15.1.</td><td colspan="2">Предавања - теоретска настава</td><td>60 часови</td></tr>
<tr><td>15.2.</td><td colspan="2">Вежби (лабораториски, аудиториумски), семинари, тимска работа</td><td>30 часови</td></tr>
<tr><td rowspan="3">16.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>16.1.</td><td colspan="2">Семинарски/стручен труд/проект/истражување (презентација:писмена и усна)</td><td>30 часови</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td colspan="2">Самостојни задачи</td><td>15 часови</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td colspan="2">Домашно учење – задачи</td><td>90 часови</td></tr>
<tr><td rowspan="4">17.</td><td colspan="5">Начин на оценување</td><td>80+10+10 = 100 бода</td></tr>
<tr><td>17.1.</td><td colspan="3">Тестови</td><td>80 бодови</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td colspan="3">Индивидуална работа/проект (презентација: писмена и усна)</td><td>10 бодови</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td colspan="3">Активност и учество</td><td>10 бодови</td></tr>
<tr><td rowspan="6">18.</td><td colspan="3" rowspan="6">Критериуми за оценување (бодови/ оценка)</td><td>до 50 бода</td><td>5 (пет) (F)</td></tr>
<tr><td>51 x до 60 бода</td><td>6 (шест) (E)</td></tr>
<tr><td>61 x до 70 бода</td><td>7 (седум) (D)</td></tr>
<tr><td>од 71 до 80 бода</td><td>8 (осум) (C)</td></tr>
<tr><td>од 81 до 90 бода</td><td>9 (девет) (B)</td></tr>
<tr><td>од 91 до 100 бода</td><td>10 (десет) (A)</td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="3">Услов за потпис и за полагање завршен испит</td><td colspan="2">Реализирани активности</td></tr>
<tr><td>20.</td><td colspan="3">Јазик на кој се изведува наставата</td><td colspan="2">Македонски јазик</td></tr>
<tr><td>21.</td><td colspan="3">Метод на следење на квалитетот на наставата</td><td colspan="2">Интерна евалуација и анкета</td></tr>
<tr><td rowspan="4">22.</td><td colspan="6">Литература</td></tr>
<tr><td rowspan="3">22.1.</td><td colspan="5">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Реден број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Barr, N.</td><td>Economics of the welfare state</td><td>Oxford University Press</td><td>2020</td></tr>
</table>

		2.	Le Grand, J., Propper, C. and S. Smith	*The Economics of Social Problems*	Oxford University Press	2008
		3.	Разин, А., Садка, Е. и Нам, Ч.В.	*Пропаѓањето на социјалната држава – Демографија и Глобализација (превод)*	Ars Lamina	2010
	22.2.	Дополнителна литература				
		Реден број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Béland, D., Morgan, K.J., Obinger H., Pierson C (eds.)	*The Oxford Handbook of the Welfare State,* Second edition	Oxford University Press	2021
		2.	Христов, Р.	*Политика на социјалниот развој*	Економски факултет – Скопје	2004
		3.	Stiglitz, J.E. and Rosengard, J.K.	*Economics of the public sector (4th ed., international student edition)*	W.W. Norton	2015